# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба | Број 16<br><br>28.12.2021 | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( „ Службен весник на Р.М. “ бр. 5/02 ) ,член 28 став 1 од Законот за финансирање на Единиците локалната самоуправа ( „ Службен весник на Р.М.“ бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07 ; 156/09 ; 47/11 ; 192/15 ; 209/18 и 244/19 ), член 31 од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија “ бр. 64/05 ; 04/08 ; 103/08 ; 156/09 ; 95/10 ; 180/11 ; 171/12 ; 192/15 и 167/16 ) , и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08/10 ;08/14 ; 02/18 , 03/19 и 08/21) , Советот на Општина Крива Паланка на 5 -та седница одржана на 27 . 12 . 2021 година, донесе:

## Одлука за усвојување на Буџет
## на Општина Крива Паланка за 2022 година

**1.Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на Општина **КРИВА ПАЛАНКА** за 2022 година,се состои од:

| | |
|---|---|
| **I.Вкупни приходи** | **374.238.000** |
| Даночни приходи | 49.871.000 |
| Неданочни приходи | 14.580.000 |
| Капитални приходи | 39.482.746 |
| Приходи од дотации | 200.716.000 |
| Приходи од трансфери | 42.323.254 |
| Приходи од донации | 27.265.000 |
| **II.Вкупни расходи** | **385.485.000** |
| Од утврдени намени | 385.185.000 |
| Расходи од резерви | 300.000 |
| **III.Дефицит** | **-11.247.000** |
| **IV.Финансирање** | **11.247.000** |
| **Прилив** | **16.403.000** |
| Домашни задолжувања | 0 |
| Странски заеми | 0 |
| **Депозит** | **16.403.000** |
| **Одлив** | **5.156.000** |
| Отплата на главница | 5.156.000 |

**Член 2**

Приходита на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи,а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09 –3981/3**
**27.12.2021 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска** с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Буџет на Општина Крива Паланка зац 2022 година**

1. Се објавува Одлука за усвојување на Буџет на Општина Крива Паланка зац 2022 година, што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 27.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3981/4**
**28.12.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( „ Службен весник на Р.М. “ бр. 5/02 ) ,член 28 став 1 од Законот за финансирање на Единиците локалната самоуправа ( „ Службен весник на Р.М.“ бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07 ; 156/09 ; 47/11 ; 192/15 ; 209/18 и 244/19 ),член 31 од Законот за Буџетите(„Службен весник на Република Македонија “ бр. 64/05 ; 04/08 ; 103/08 ; 156/09 ; 95/10 ; 180/11 ; 171/12 ; 192/15 и 167/16 ) , и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08/10 ;08/14 ; 02/18 , 03/19 и 08/21 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 5-та седница одржана на 27. 12 . 2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на**
**Општина Крива Паланка за 2022**
**година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен Буџет ;
- Буџет на самофинансирачки активности ;
- Буџет на дотации ;
- Буџет на донации и
- Буџет на кредити (заеми) .

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела , а утврдените средства во Буџетот да ги користат , наменски , рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на Основниот Буџет на Општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или дека реализацијата на приходите и други приливи значително отстапуваат од планот , предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на Буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник , корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки , програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките потпрограма и Буџет , не можат да бидат намалени повеќе од **20 %** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати , наемнини и надоместоци на ниво на ставка во рамките на Буџетот не можат да се зголемат со прераспределби повеќе од **10 %.**

**Член 7**

Буџетските корисници , во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности , Буџетот на донации , Буџетот на дотации или Буџет на заеми , планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ , доставуваат барање за намалување / зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети , кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства . Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот , односно бруто платите се утврдуваат за :

- за Градоначалникот 2,90 коефициент на основица која изнесува 26.755,00денари ;
- за недржавните службеници вредноста на бодот е 19,33 денари бруто , определен според правилникот за исплата на плати на недржавни службеници и ќе ги прати промените со исплата на плати на државните службеници ;
- вредноста на бодот на административните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината ;
- за исплата на плата на директорот на ЛУ Градски музеј ќе се исплатува коефициент 2,95 и бруто основица 13.192,00 денари согласно со Статутот и Правилникот.
- на вработените во ТППЕ ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати,надоместоци на плати и други примања .

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2022 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин :

- средствата ќе се планираат на сметка - дотации (930) , а ќе се извршуваат преку сметката - дотации на локалните јавни установи (903);
- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите од Буџетот на дотации се должни во рок од 2 (два) дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати , образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме , бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата ;
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат со Блок дотации Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените финансиски средства .

Исплатата на платите и надоместоците на вработените на локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии .

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира во блок дотацијата .
Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција .

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на советот изнесува 50 % од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година .
На претседателот на Советот , за раководење и организирање на работата на советот му се определува надоместок , зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член .
Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец .
Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет .
Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува , доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец .
Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува , доколку советот во тековниот месец не одржал седница .

**Член 13**

Исплатата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма - Општинска администрација - Е0 расходно конто 404110 - надомест на годишен одмор , Програма-Градоначалник - ДО расходно конто 404110 - надомест на годишен одмор , Програма - Музејска и кинотечна дејност К3 расходно конто 404110 – надомест за годишен одмор и Програма – Противпожарна заштита – Њ0 расходно конто 404110 на основа донесено решение од Градоначалникот .
Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од 60 % од просечната месечната нето плата во Република С. Македонија објавена до денот на исплатата .

**Член 14**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Градоначалник - Д0 расходно конто 404150 - Други надоместоци .

**Член 15**

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по пооделни ставки , почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки .
Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка , при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 16**

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва) , одлучува Советот на Општината , а ги извршува Градоначалникот .
За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите .
За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот .

**Член 17**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот , согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди .

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Градоначалник - Д0 расходно конто 464940 – Трансфери при пензионирање во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата .

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000,00 денари , во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош во висина од 15.000,00 денари , исплатата се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 413110-Тековни резерви ( разновидни расходи ) .

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот .

**Член 19**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината .

**Член 20**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во Буџетот на Општината .

Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства .

Локалните јавни установи од областа на културата , образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република С.Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии , врз основа на барање од Градоначалникот на Општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи , со соодветна пропратна документација .

**Член 21**

Се овластува Одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто плата .

**Член 22**

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината , за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи , стоки и услуги .

**Член 23**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот , погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени , а доколку такви приходи нема , тогаш на товар на другите приходи на Буџетот .

Повратот на погрешно , на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот , освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 24**

Буџетот на Општина Крива Паланка се извршува од 01.01.2022 до 31.12.2022 година .

**Член 23**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01 јануари 2022 година .

**Бр.09- 3981/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.12 .2021 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 година**

1. Се објавува Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 година што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 27.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3981/6**
**28.12.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“бр.27/14,199/14,48/15,154/15 и 5/16), и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08/10 ;08/14 ; 02/18 , 03/19 и 08/21 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 5-та седница одржана на 27. 12 . 2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државни службеници за 2022 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2022 година.

**Бр.09-3981/7**
**27 . 12 . 2021 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател ,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# З А К Л У Ч О К

**за објавување Одлука за усвојување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година**

1. Се објавува Одлука за усвојување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година, што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 27.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3981/8**
**28.12.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

# Б У Џ Е Т С К И К А Л Е Н Д А Р

| **Можен датум** | **Буџетски активности-Одговорност** |
|---|---|
| Декември/Февруари-Март | Советот на Општината го донесува Буџетот,Одлука за извршување на Буџетот,Буџетскиот календар и други акти согласно Законските прописи. |
| Месечно(секој месец) | Градоначалникот го доставува Буџетот до Министерство за финансии,ги доставува пресметките за плата на Буџетските единки и планови за плата и тековни трошоци. |
| Јануари,Април,Јули и Октомври | Градоначалникот до Министерство за финансии доставува квартални планови за извршување на Буџетот на Општината. |
| Февруари | Одделението за финансиски прашања ги подготвува завршните сметки за секоја сметка поединечно и Завршна сметка на Буџетот на Општината за претходната година,а Градоначалникот до Советот на Општината ја доставува за нејзино усвојување и доставување до Министерството за Финансии.Поединечните Завршни сметки се доставуваат до Централен регистер и Државен завод за ревизија. |
| Април,Јули,Октомври и Декември | Одделението за финансиски прашања подготвува квартални извештаи за извршувањето на Буџетот за Општината кои што Градоначалникот до Советот на Општината ја доставува до Министерство за финансии и Советот на Општината. |
| Април-Мај | Градоначалникот доставува Буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници. |
| Јуни | Општинските буџетски единки ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. |
| Јули-Август | Одделението за финансиски прашања врши анализа на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Прдлог-Буџет. |
| Август | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки Градоначалникот. |
| 30 Септември | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-Буџет за наредната година. |
| Октомври | Градоначалникот ги разгледува и одобрува програмите изготвени од пооделни Одделенија,кои се составен дел од Буџетот,го разгледува Предлог-Буџетот подготвен од страна на Одделението за финансии и Буџет на Општината. |
| Ноември | 1.Предлог-Буџетот се доставува до Советот на Општината.<br>2.Се објавува содржината на Предлог-Буџетот и се дава достапност на јавноста за јавна расправа. |
| Декември | До Советот се доставува конечен Предлог-Буџет од страна на Градоначалникот и Одлука за извршување на Буџетот. |
| Декември | Се води расправа во телата на Советот на Општината. |
| Крај на Декември | Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година и Одлука за извршување на Буџетот. |
| 1 Јануари | Започнува новата буџетска година. |

**Бр. 09-3981/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.12.2021 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Буџетски календар**

1. Се објавува Буџетски календар, што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 27.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3981/10** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2021 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 2 и 3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ( Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), а во врска со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 11 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/2010, 08/2014 ,02/2018, 03/2019, 08/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.12 .2021 година

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2022 ГОДИНА НА ООУ „ИЛИНДЕН“ КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на измена на Годишниот План за вработување за 2022 година на ООУ „Илинден“ Крива Паланка

Член 2

Измената на Годишниот План за вработување за 2022 година на ООУ „Илинден “ ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Член3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка

**Бр.09-3981/11**
**27.12.2021**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување за 2022 година на ООУ Илинден –Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување за 2022 година на ООУ Илинден –Крива Паланка, што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 27.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3981/12**
**28.12.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 54 од Законот за превоз во патниот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка ("Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 08/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019 и 08/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.12 2021 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

За изменување и дополнување на одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Крива Паланка

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Крива Паланка бр.09-3886/9 од 20.12.2021 година и тоа:

во член 35 од **VI.ТАРИФА** **во делот на постоечката :**

**ТАРИФА Бр.1 (редовна тарифа)**
**точката 1„**
1. Старт, почеток на превозот(цена во која е вклучен 1,5 км) 60,00 ден„
**се менува и гласи :**
„1. Старт, почеток на превозот(цена во која е вклучен 3 км) 70,00 ден.

**Точката 2 „**.Старт, почеток на превозот(цена во која е вклучен 1,5 – 3 км ) 70,00 ден.„
**се брише**

**Точката 3 станува точка 2 ,точката 4 станува точка 3 и точката 5 станува точка 4 .**

После постоечката **ТАРИФА Бр.1 (редовна тарифа) се додава нова ТАРИФА бр.2 која гласи :**

1. Старт, почеток на превозот(цена во која е вклучен до 1,5 км) 60,00 ден
2. Чекање во траење до 1 минута 3,00 ден.
3. Чекање во траење до 1 час 180,00 ден.

**Постоечките ТАРИФИ 2,3 и 4 стануваат ТАРИФИ 3,4,и 5.**

Останатите членови од Одлуката остануваат непроменети.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-3981/ 13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.12.2021 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за изменување и дополнување на одлукатаза авто такси превоз на патници во Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за изменување и дополнување на одлукатаза авто такси превоз на патници во Општина Крива Паланка што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 27.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3981/14** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**28.12.2021 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка„ бр. 8/10,08/14 02/18 ,03/19 и 08/2021 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.12.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување членови на Управниот одбор на**

**СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка**

1. Се Разрешуваат членовите на Управниот одбор на СОУ „Ѓорче Петров“–Крива Паланка,:

- Елена Николовска од Крива Паланка;
- Валентина Стојчевска од Крива Паланка; и
- Андријана Димитровска од Крива Паланка

.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3981/15**<br>**27.12.2021 год.**<br>**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**<br>**Претседател,**<br>**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение за разрешување на членови на Управниот одбор на СОУ Ѓорче Петров – Крива Паланка**

1. Се објавува Решение за разрешување на членови на Управниот одбор на СОУ Ѓорче Петров – Крива Паланка, што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 27.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3981/16**
**28.12.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка„ бр. 8/10,08/14 02/18 ,03/19 и 08/2021 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.12.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување членови на Управниот одбор на**

**СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка**

1. За членови на Управниот одбор на СОУ „Ѓорче Петров“–Крива Паланка се имаенуваат следните членови :

-Валентина Стојчевска

- Анета Ангеловска

-Весна Илиева

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3981/17**
**27.12.2021 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение за именување на членови на Управниот одбор на СОУ Ѓорче Петров – Крива Паланка**

1. Се објавува Решение за именување на членови на Управниот одбор на СОУ Ѓорче Петров – Крива Паланка, што Советот ја донесе на 5-та седница, одржана на ден 27.12.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3981/18**
**28.12.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

До Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура-Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина во Општина Крива Паланка, доставено е барање за Одобрение за доградба, надградба и адаптација на постоечка индивидуална семејна куќа-А1 со катност По+Пр (подрум и приземје) и надградба Пк (поткровје) на КП1214 в.м „Лозаново“ КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка, заведено под бр. уп29-6/1 од 31.12.2020 година, поднесено од страна на Душко Гошевски со адреса ул.„Лозановска“ бр.45 од Крива Паланка, Општина Крива Паланка.

Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина издаде Одобрение за доградба, надградба и адаптација на постоечка индивидуална семејна куќа-А1 со катност По+Пр (подрум и приземје) и надградба Пк (поткровје) на КП1214 в.м „Лозаново“ КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка, објект од Втора категорија, заведено од бр. уп29-6/1 од 09.03.2021 година на ден 10.03.2021 година, согласно ДУП: Бегови Бавчи-Лозаново на град Крива Паланка донесен со Одлука: бр.08-3774/1 од 17.11.1989година.

Се повикуваат лицата Стојановски Славе Васко со адреса ул.„Партизански Одреди“ бр.5 од Скопје, Лековска Петар Станојка со адреса ул.„Ѓорче Петров“ бр.бб од Скопје, Ристовски Свето со адреса ул.„Гоце Делчев“ бр.65 од Крива Паланка, Стојчевска Дока со адреса с.Лозаново од Општина Крива Паланка, Стојановски Славе Александар со адреса ул.„Пере Тошев“ бр.12 од Крива Паланка, Ристовски Веселин Војо со адреса с.Лозаново од Општина Крива Паланка и Ристовска Веселин Ленка со адреса с.Лозаново од Општина Крива Паланка како непосредни соседи, се известува за донесеното одобрение и се задолжува во рок од 15 дена од објавата да дојдат во просториите на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина да изврши увид во предметот.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

Крива Паланка

Одделение за урбанизам, сообраќај

и заштита на животна средина

**Општина Крива Паланка**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 година;.............1
2. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 година.....................................................................................................3
3. Одлука за извршување на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2022 година;...........4
4. Заклучок з објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2022 година.....................................................................................................9
5. Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година;...................................................................................................................10
6. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година...............................................................11
7. Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 год......12
8. Заклучок за објавување на Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 година.........................................................................................13
9. Одлука за давање согласност на измена на годишниот план за вработување за 2022 година на ООУ Илинден Крива Паланка ........................................................................14
10. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на измена на годишниот план за вработување за 2022 година на ООУ Илинден Крива Паланка.......................................15
11. Одлука за изменување и дополнување на одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Крива Паланка..................................................................................................16
12. Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Крива Паланка......................................................17
13. Решение за разрешување членови на Управниот одбор на СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка ..........................................................................................................................18
14. Заклучок за објавување на Решение за разрешување членови на Управниот одбор на СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка.............................................................................19
15. Решение за именување членови на Управниот одбор на СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка ..........................................................................................................................20
16. Заклучок за објавување на Решение за именување членови на Управниот одбор на СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка...............................................................................21
17. Јавна објава.....................................................................................................................22